ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Општина Гевгелија**
**ул.”Димитар Влахов” 4**
**тел.** 034 213 843
**факс** 034 216 899
**Веб страна:** www.gevgelija.gov.mk
**Е-пошта: gevgelijao@t-home.mk**

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Секој град има раѓање, постоење, сегашнина и иднина.
Градот на најјужната точка во Република Северна Македонија , крај самата граница со Република Грција , градот на срдечноста – ГЕВГЕЛИЈА, има и душа.
Отворено срце за сите добронамерници.

Топлиот дух на гевгеличани се уште ја памети легендата за еден турски дервиш кој дошол и не сакал да си оди од Гевгелија, бидејќи многу му се допаѓало местото. Жителите не сакале да го примат и решиле насила да го прогонат . Разлутен од тоа, дервишот почнал луто да ги проколнува жителите кои се исплашиле и го повикале назад со зборовите **гел - гери** што значи **ела назад**.
Иако легенда, гевгеличани не сакаат да ја прекршат заклетвата на предците - секогаш да бидат добродојдени оние што одлучуваат да ги задомат своите идеи во градот, оние што се подготвени за нови предизвици, за нови доживувања.
Старите хроники бележат дека Гевгелија како град почнала да се развива уште од средината на 19 ти век, кога населението од овие краеви ја почуствувало потребата да создава современа населба која ќе им пркоси на минувачите - трговци и ќе биде домаќин на нивните патувања кон Блискиот Исток со многубројни анови . Во тој временски период, реката Вардар иако пловна, не можела да го задоволи транспортот на стоки, па во 1873 година доаѓа до изградба на железничката пруга Солун - Скопје.
Вистински градски лик Гевгелија го добива во 1886 година, кога во административно - управен поглед станала средиште на посебна каза - Гевгелиска.
Во овој временски период многу земјоделски производи од ова поднебје, благодарејќи на поволната клима и плодното земјиште, се произведувале и се извезувале преку солунското пристаниште.
Меѓутоа, стопанскиот развој на Гевгелија посебно е карактеристичен за периодот од 1860 до 1912 година, кога се развило мануфактурното и индустриското производство, а градот познат и како град - од станица до граница - ќе биде уште попознат со многубројните занаетчиски дуќани (чевларски, коларски, столарски, самарџиски, кројачки).
Некогаш Гевгелија бил град на незаборавните серенади, денес Гевгелија е град на сонцето, град на топлината, град на гостопримството.

**Мапа на општината**



**Надлежности на Градоначалникот**

- Ја претставува и застапува Општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Ги објавува прописите на Советот на Општината во службено гласило;
- Го обезбедува извршувањето на работите на одлуките на советот;
- Го обезбедува извршувањето на работите кои со закон се делегирани на општината;
- Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
- Го извршува буџетот на општината;
- Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
- Редовно го известува советот за извршување на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
- Донесува правилник за систематизација на работни места во општинска администрација;
- Раководи со општинска администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорноста на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статут;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут;
- Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

**Надлежности на Советот на Опшината**

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките на законот;
- Основни јавни служби во рамките на надлежностите на општината и врши надзор на нивната работа;
- Именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа;
- Усвојува програми за работи и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основа;
- Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење;
- Ги освојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби кои ги основала општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственост на општината;
- Одлучува за начинот на вршење финансиска контрола на буџетот на општината;
- Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народен правобранител;
- Може да дава препораки на раководни лица на п.е. на Министерството за внатрешни работи за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

## Општинска администрација

**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
(Одделение за комунални работи и локални патишта
Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животна средина
Одделение за располагање со државно градежно земјиште)

**Одделение за стручно административни и општи работи**

**Одделение за правни работи**

**Одделение за поддршка на Градоначалникот**

**Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт**

**Одделение за образование**

**Одделение за инспекциски работи**

**Одделение за финансии и буџет**

**Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка**

**Одделение за внатрешна ревизија**

**Одделение за локални даноци и такси**

**Одделение за управување со човечки ресурси**

**Територијална противпожарна единица**

**СИСТЕМ 48 ЧАСА**

034 611-999
СМС 076 211-999

e-mail:sistem48@gevgelija.gov.mk

**ОПШТИНСКИ УСЛУЖЕН ЦЕНТАР**

| | | |
|---|---|---|
| Канцеларии во | Гевгелија | 034 611 373 |
| | Миравци | 034 229 023 |
| | Негорци | 034 231 843 |
| | Прдејци | 034 231 899 |
| | Богородица | 034 215 899 |

## ЕКОНОМСКИ ПРОФИЛ

Како резултат на климатско-почвените погодности, земјоделството и производството на храна отсекогаш имале голема важност за добриот стандард и за стопанскиот развој во Општината. Се одгледуваат широк спектар на овошје и зеленчук, вклучувајќи производи што се карактеристични за медитеранското поднебје, како што се смокви, маслинки, калинки, лимони, грозје, кикиритки, киви и други. Во стаклените бавчи и во пластениците, покрај раноградинарските производи, се одгледуваат и различни видови цвеќиња.

Пријатните климатски услови се надополнети со термоминерална вода која речиси ја има под целокупниот гевгелиски дел на котлината, со добри потенцијали за производство на квалитетна храна и еко-производство, но и за развој на спа-туризмот. Целокупното земјоделско земјиште во Општината изнесува 8.440 ха, од кои 3.260 се користат како ораници и бавчи, 1.000 ха се засадени со лозови насади, 100 ха со овошни, 300 ха се ливади и 3.880 ха се пасишта. Околу 80 % од обработливото земјиште е кај индивидуалните земјоделци, а останатото е кај правните лица. Годишното земјоделско производство во поширокиот регион изнесува околу 100.000 тони, од кои само во општина Гевгелија се произведуваат над 50.000 тони, од кои 20.000 тони се раноградинарски производи, 20.000 тони грозје, како и други земјоделски култури.

Приватните земјоделски фирми во општина Гевгелија одгледуваат раноградинарско производство на 27 ха во оранжериите, од кои годишната берба изнесува 3.000 тони, претежно домати и краставици. На индивидуалните земјоделски површини, под пластеници, се засадени 120 ха со домати со вкупен род од 8.000 тони. На лозовите насади во Општината, застапени на 1.000 хектари, годишно се произведуваат над 18.00 трпезното грозје, од кое најголемиот дел се извезува, а плантажите се прошируваат. Исто така и винските сорти на грозје се традиционално застапени, со воведување на нови сорти.

Општина Гевгелија располага со 3.880 ха пасишта кои се идеален ресурс за одгледување овци и друг вид на стока. Во Општината има 12.000 овци, 1.000 кози и 750 говеда, додека бројот на живината се движи константно околу 100.000. Во периодот 2000–2005 година бројот на овци е намален за 3.000, додека бројот на говеда е намален за 1.000. Намалувањето на сточниот фонд се должи на скапата сточна храна и на ниската откупна цена на месото и на млекото. Во земјоделството и шумарството функционираат 37 компании со 387 вработени.

Текстилната индустрија претставува најголем извор за вработување во Општината. Имено, во конфекциските компании работат скоро 2.000 вработени. Овие текстилни компании, главно, работат „lon“ систем. Компанијата „НОЕЛ“ е најголемата конфекциска фабрика во Општината, а и во регионот, со над 900 вработени, каде што се произведуваат најпознатите светски брендови на кошули, од кои 95 % се извезуваат.

Во Општината има 20 компании кои се занимаваат со преработка на овошје и на зеленчук, со над 2.800 вработени. Најголемиот дел од преработеното овошје и зеленчук е наменето за извоз. Тоа се, пред сè, познатите традиционални специјалитети како што се ајварот, летниот пинџур, лутеницата, различните видови слатко и други конзервирани производи. Компаниите за преработка на овошје и на зеленчук („Вори“, „Випро“, „МТД Пајдаков“, „Дием“ и „Хина“) располагаат со вкупен капацитет од над 20.000 тони.

Во Гевгелија се наоѓа најголемиот производител на наливно вино во земјата – во винаријата „Ригоимпекс“ се произведуваат 15 милиони литри наливно вино годишно кои целосно се извезуваат. Постојат и помали семејни винарии, како „Јостела“ и „Керем“, кои произведуваат помали количества на висококвалитетни флаширани вина.

Градежната индустрија бележи пораст во последниве години, имајќи го предвид бројот на новорегистрираните градежни фирми. Во градежната индустрија постојат 10 активни компании со 500 вработени. Повеќето од нив работат на локално ниво, но постојат можности за нивно ангажирање и надвор од Општината.

Во металната и во електроиндустријата работат неколку компании, од кои некои со мешовит македонско-грчки капитал („Унион Инг“, „Евро Порта“ и „Кофриз“), со вкупен број на 170 вработени. Најголемиот дел од производството го пласираат на странскиот пазар.

Индустријата за пластика и пластични маси (полеиетиленски и полипропиленски цевки, системи за наводнување и канализација) во последните години бележи значителен развој во општина Гевгелија. Во Гевгелија се наоѓа најголемиот производител и извозник на полиетиленски цевки на Балканот - „Конти-Хидропласт“, кој своето производство го пласира на странскиот пазар. Во металопреработувачката индустрија работат и други помали производители („Технопродукт“).

Во Општината постојат повеќе компании кои се занимаваат со превоз на патници, на стока и складирање на производи, со 600 вработени. Во последните десетина години се појавија прилично голем број мали приватни транспортни компании специјализирани за транспорт на земјоделски производи. Во трговијата на големо и мало функционираат 115 компании со 496 вработени, а во угостителството над 15 компании со скоро 2.000 вработени.

Општина Гевгелија има одличен потенцијал за развој на разновиден туризам поради предностите што ги нудат местоположбата, климата, инфраструктурата, чистата животна средина и богатото природно и културно наследство. Развојот на туризмот е, главно, насочен кон бањскиот, планинскиот и казино-туризмот, но и кон добриот потенцијал за проширување на туристичката понуда. Во прв ред, со руралниот и културниот туризам, спа-туризмот, а, секако, и гастрономскиот туризам. На само 3 км од Гевгелија се наоѓа граничниот премин Богородица, на македонско-грчката граница, преку кој годишно поминуваат скоро 5 милиони патници.

Гевгелија и околината располагаат со хотелски капацитети од околу 700 легла, од кои најголемиот број се наоѓаат во репрезентативните хотел-казина. Имено, на југот од земјата се наоѓаат најрепрезентативните сместувачки и угостителски објекти во земјата – хотел „Рамада Плаза“ со казиното „Принцес“, хотел-казино „Фламинго“ и хотел-казино „Аполонија”. Исто така, сместувачки капацитети нудат и мотелот „Вардар“, хотел „Нар“, хотел-казино „Сенатор“, како и Негорските Бањи.

На падините на Кожуф Планина, близу до селото Конско, се наоѓа одморалиштето Смрдлива Вода, познато по својата лековита минерална вода. А, на околу 19 км се наоѓа Ски-центарот „Кожуф“ кој се протега на истоимената планина, на 2.200 метри надморска височина. Познатото лекувалиште Негорски Бањи, со хотелите „Божур“, „Јасен“ и „Илинден“ (300 легла), претставува значаен бањско-рекреативен центар. Важно место на туристичката мапа во Општината зазема и археолошкиот локалитет „Вардарски Рид“ кој со својата атрактивна локација нуди одлична можност за развој на археолошки и на културен туризам.

Пандмијата од Ковид 19 предвизвика големи штети во гевгелиското стопанство, во кое доминираат туризмот, угостителството и услужните дејности, а кои во голем дел зависат од прекуграничниот промет. Голем дел од угостителските и услужните објекти работат со намален капацитет и намален број на вработени. Со тоа, една од најзначајните стопански гранки трпи огромни загуби, а значаен дел од нашите сограѓани се исправија пред неизвесноста за својата лична и семејна иднина. Советот на Општина Гевгелија тоа го направи преку намалување на комуналните такси кои се во општинска надлежност. Исто така, беа преземени и конкретни активности за субвенцирање во детските градинки, во комуналните трошоци и преку зголемување на социјалната помош, да излеземе во пресрет на најранливите категории на граѓани.

Наспроти, проблемите предизвикани од пандемијата, во текот на годината остварен е континуиран пораст на реализацијата на буџетските приходи, која во деветте месеци изнесуваше 61,69% од предвидениот основен буџет. Во изминатото деветмесечие од вкупно проектираниот Буџет на Општина Гевгелија за 2021 година на 541.601.409 денари реализирани се вкупно 334.110.624 денари вкупни приходи или 61,69%.

Со ребала на Буџетот на 15 ноември 2021 година извршено е зголемување на Буџетот на Општина Гевгелија за 30.728.298 денари (5,6%) или од проектираните 541.601.409 денари буџетот е зголемен на 572.329.707 денари.

| Буџет на општина Гевгелија за 2019 година | денари | евра |
|---|---|---|
| Вкупно | 572.329.707 | 9,27 милиони |

## РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Во Општина Гевгелија, во наредната година приоритет ќе им биде даден на капиталните проекти за подобрување и проширување на комуналната и патната инфраструктура. Планот на програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 што го одобри Советот на Општина Гевгелија, а кој е составен дел на Буџетот на Општина Гевгелија, се состои од 15 развојни потпрограми поделени во 5 програми. Во програмата за изградба и реконструкција на општински патишта и улици се предвидени изградба на општинскиот пат Конско-Серменин-Миравци,  заобиколниот пат околу Гевгелија - Јужен булевар, потоа, довршување на општинскиот пат Ново Конско-Ума, како и продолжување на Булеварот „Гевгелија“ со изградба на улицата „Свети Климент Охридски“ во Гевгелија.

Исто така, предвидена е реконструкција на водоводната мрежа во Гевгелија и во населените места, како и изградба на атмосферска канализација и пречистителна станица за Негорци, Негорски Бањи, Педејци и за инсустриските зони „Блокотехна“ и “Прдејци“. Со развојниот план се предвидува регулација на речните корита на Сува река, Мрзенска река, одводниот канал Рауљ, гасификација на Општина Гевгелија, како и изградба на нова детска градинка во Гевгелија.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието и воспитувањето на децата во Општина Гевгелија се реализира во 5 основни училишта и 1 средноучилишен центар.

Општината ги има следниве образовни институции:

**Основни училишта**

ОУ ˝Владо Кантарџиев˝-Гевгелија
ОУ ˝Крсте Мисирков˝-Гевгелија
ОУ ˝Климент Охридски˝-Миравци
ОУ ˝Ристо Шуклев˝-Негорци
ОМУ ˝Васо Карајанов˝-Гевгелија

**Средно училиште**

СОУ ˝Јосиф Јосифовски˝ - Гевгелија

Во општина Гевгелија во учебната 2021/2022 година се евидентирани вкупно  2704 ученици, кои поради пандемијата од Ковид 19, наставата ја следеа он лајн или со физичко присуство. Согласно протоколите за одвивање на наставата во основното и во средното образование. Во основните училшта, каде што има вкупно 2007 ученици, наставата со физичко присуство ја следат 757 ученици од прво до трето одделение, како и учениците од прво до петто одделение во ООУ „Климент Охридски“ во Миравци и во сите 8 подрачни училишта. Додека преостанатите 1250 ученици  наставата ја следат онлајн, како и 22 ученици во одделнска настава.

Во СОУ„Јосиф Јосифовски“, сите 697 ученици наставата ја следат он лајн и се одвива успешно.Скоро сите учениците, во основните и во средноучилишниот центар, располагаат со компјутери за онлајн следење на наставата, а ообезбедени се и нови компјутери за сите наставници.

И покрај пандемијата и осуммесечниот прекин на наставата, во сите општински образовни институции беа реализирани повеќе проекти за обезбедување на поквалитетни просторни услови. Во СОУ „Јосиф Јосифовски“, покрај новоизградените 21 училница, набавена е опрема во новата угостителската сала, реконструирани се тоалетите и соблекувалните во училишната спортска сала, а заменета е столаријата во помошните простории.     Во подрачното училиште на „Крсте Мисирков“ во Моин, извршена е целосна реконструкција за замена на азбестните табли на дотраениот кров востарото училиште. Училиштниот двор во ООУ „Владо Кантарџиев“ е партерно уреден, ограден и целосно обновен. Реконструирани се тоалетите во подрачното училиште во Смоквица, во ООУ „Ристо Шуклев“ во Негорци реконструиран е азбестниот покрив, а во ООМУ „Васо Карајанов“ поставена е нова столарија.

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### ЈПКД ˝Комуналец˝

Покрај редовнната дејност околу водоснабдувањето и одведувањето на отпадните води, како и другите комунални услуги, во рамките на ЈПКД„Комуналец“ се опслужува Пречистителната станица за отпадни води кај Вардар, а беа организирани и обуки за за профункционирање на Времената депонија. Исто така, во соработка со меѓународниот консултант се интензивираа подготовките за реализација на 2,5 милиони евра германскиот грант, кој преку KFW банката и беше доделен на општина Гевгелија. Станува збор за изградба на водоводна линија за довод на вода од новиот водоснабдителен систем во Гевгелија за Негорци и за Прдејци,  рехабилитација на постојната водоводна линија на потегот Гевгелија-Богородица,  како и за реализација на Проектот за заштита на Гевгелија од атмосферски води, преку сепарација на досегашниот постоечки мешовит канализационен систем и изградба на нова атмосферска канализациона мрежа во јужниот дел на градот, од поранешната Касарна, па сѐ до железничката пруга. Покрај ова, предвидена е замена на старите затворачи во дистрибутивната водоводна  мрежа во ЈПКД„Комуналец“, како и замена на корисничките водомери со далечинско читање. По спроведената меѓународна тендерска постапка, извршен е избор на најповолен изведувач и во најскоро време се очекува потпишување на договорот за реализација на проектот.

## ЈАВНИ УСТАНОВИ

Матична библиотека “Гоце Делчев” Гевгелија
Дом на култура ˝Македонија˝
Работнички универзитет „Кирил и Методиј“
Пионерски дом
Нроден музеј
Општа Болница со проширена дејност - Гевгелија

## КАЛЕНДАР НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Поради пандемијата, значаен дел од планираните културни настани и активности беа редуцирани и во текот на 2021 година. По донесените протоколи за организирање на културни настани беа реализирани некои од традиционалните културни манифестации (Смоквијада, БОШ фестивал, Фолклорен ѓердан, Ѓура Мара), но, согласно уредбите и заштитните мерки на Министерството за здравство на РСМ. Исто така, во организација на Домот на културата и Пионерскиот дом беа организирани неколку ликовни изложби, концерти и други културни настани, согласно протоколите за овие манифестации.

| ФЕВРУАРИ |
|---|
| Саем на книгата |
| МАРТ |
| “За тебе љубов моја“ |
| АПРИЛ |
| Ѓура Мара |
| МАЈ |
| Гевгелија денс |
| Најдобри за најдобрите СОУ “Ј.Јосифовски“ |
| ЈУНИ |
| Спасовден - Распеана чаршија |
| Меѓународниот натпревар на млади пијанисти |

| |
|---|
| **АВГУСТ** |
| **Мултимедијален арт фестивал БОШ** |
| **Годишна ликовна изложба на Мултимедија центар** |
| **Смоквијада** |
| **НОЕМВРИ** |
| **Фолклорен ѓердан** |
| **Седмоноемвриска културна недела** |
| **Јубилеен концерт на хорот „Гортинија“** |
| **ДЕКЕМВРИ** |
| **Новогодишен концерт на ООМУ Васо Карајанов** |
| **Годишен концерт на ансамблот “Бојмија“** |

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Општина Гевгелија остварува богата меѓународна соработка, која се одвива преку унапредување на прекуграничната соработка, збогатување на соработката со збратимените општини и унапредување на соработката со меѓународните организации. Во текот на годината, Општина Гевгелија ја продолжи прекуграничната соработка со општина Пеонија во соседна Грција. Што се однесува до соработката со збратимените општини, поради пандемијата беа одложени редовните средби и непосредни размени на искуства. Покрај ова, ја продолжи соработката со Делегацијата на ЕУ, на УНДП, на УСАИД за реализација на повеќе проекти.

## ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

Во општина Гевгелија се регистрирани поголем број НВО, но, само десеттина се поактивни. Општина Гевгелија остварува тесна соработка со повеќето од нив, во рамките на буџетските програми за финансирање на активности и проекти од областа на културата и спортот, како и посебната Програма за финансирање на активностите на НВО. Значаен дел од активностите на НВО се координираат преку Регионалниот центар за поддршка на НВО секторот во Гевгелија, кој започна со работа во 2003 година.

Повеќе активности и еко акции во изминатиот период се реализирани од страна на НВО и поддршка од страна на Општина Гевгелија.

## АНАЛИЗА НА ЗАДОВОЛСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ

Општина Гевгелија со целосна транспарентност настојува да ја зголеми комуникацијата со граѓаните и да го подобри квалитетот на услугите. Најголемиот дел од активностите се одвиваа во услови на пандемијата од Ковид 19, така што граѓаните требаше да бидат навреме информирани за мерките за заштита од Коронавирусот, важноста од нивното спроведување, како и со заклучоците и апелите на Општинскиот штаб за заштита и спасување. За таа цел се користеа бројните информативни алатки, во прв ред, преку редовните соопштенија, печатени флаери и информативни предупредувања за заштитните мерки. Исто така, на граѓаните им беше овозможено секојдневно да се информираат за активностите на општината преку редовниот Електронски билтен, што се објавува секојдневно. Потоа, преку веб-страната на општината, која изобилува со тековни и други информации во корист на граѓаните. За активностите на општината, граѓаните се информираа и преку месечникот „Гевгелиски магазин“, како и редовните прес-конференции и брифинзи со новинарите.

За работата на Советот на Општината граѓаните редовно и посредно се информираа преку емитуваните снимки од седниците на локалната ТВ Нова 12, кои се одржуваа согласно пропишаните протоколи за заштита од Коронавирусот. Редовна комуникација, но и задоволување на потребите на граѓаните се остваруваше и преку Систем 48 кој треба да им овозможи на граѓаните поефиксно решавање на проблемите и барањата со кои се соочуваат.

# СИСТЕМ 48
# - Резултати од 01.01.2021 – 30.11.2021 -

**ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА**

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Јавно осветлување** | 1 | 18 | 183 | 202 |
| **Комунални работи и локални патишта** | 7 | | | 7 |
| **Инспекциски надзор** | 16 | | 1 | 17 |
| **ЈКПД Комуналец** | 19 | | 8 | 27 |
| **Вкупно** | **43** | **18** | **192** | **253** |

**поднесени барања**




*ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА*
*ОДДЕЛЕНИЈА*

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение за комунални работи и локални патишта** | **8** | **18** | **183** | **209** |

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*

## одделение за комунални работи и локални патишта




| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение за инспекциски надзор за комунални работи, урбанизам, градежништво, патишта и сообраќај и заштита на животната средина** | **16** | | **1** | **17** |

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*

## одделение за инспекциски надзор за комунални работи, урбанизам, градежништво, патишта и сообраќај и заштита на животната средина



| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
| **ЈКПД Комуналец** | **19** | | **8** | **27** |

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*




| **Статус на поднесените барања** | **незапочнати** | **одложени** | **затворени** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | 43 | 18 | 192 | 253 |

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*



## ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

Политиката за квалитет на Општина Гевгелија ја дефинира Градоначалникот и ги запознава сите вработени во Општината.
Политиката за квалитет се наоѓа на веб страната на Општината и во сите канцеларии на раководителите на секторите/одделенијата.
Раководството на Општина Гевгелија и Градоначалникот ја промовира Политиката за квалитет и екстерно, за да ги информира корисниците на услуги на Општина Гевгелијаи за целите на квалитет.
Политиката за квалитет, претставува основа за планирање на развојот во Општина Гевгелија, како и за поставување конкретни цели и подобрување на квалитетот.
Сите вработени во Општина Гевгелија мораат, без отстапки и во секој момент да ги исполнуваат Целите кои што се дефинирани во Политиката за квалитет.
Градоначалникот во соработка со вработените на Општина Гевгелија се одговорени за исполнување на целите од Политиката за квалитет.

## Подобрување на ефективноста на системот за управување со квалитет и неговите процеси

Преставникот на раководството за квалитет во соработка со Раководителите на одделенијата и секторите, ги презема следните препораки за подобрување на ефикасноста и работењето на Општина Гевгелија:
- дефинирање на сите процеси кои што се реализираат во Општина Гевгелија (изработка на постапки во кои се дефинира начинот на реализирање на процесот, дефинирање на записи кои што произлегуваат при реализирање на процесите);
- дефинирање на записи кои што произлегуваат од процесите;
- ажурирање на месечните и годишните извештаји во кои ќе се наведуваат показателите на реализација на одделението, жалби и коментари за тековниот месец.
- дефинирање на показатели за ефикасност на одделенијата и ажурно водење на показателите, согласно кој ќе се изработуваат анализи на ефикасноста на одделенијата.

## подобрување на услугите согласно барањата на корисниците

При имплементацијата на Системот за управување со квалитет, се дефинираат Постапки за сите процеси и согласно Постапките се дефинираат и записи кои се водат. Во нив се опфатени сите услуги кои Општината ги нуди на корисниците/граѓаните.

За реализирање на Анализа на ефикасноста на услугите секое одделение ги дава показателите согласно кои може да се мери ефикасноста на услугите во одделенијата. Исто така, во периодот на имплементацијата, Анализата на задоволството на корисниците се заснива на оценките и задоволството на граѓаните од реализирањето на услугите.

## потребни ресурси

Ресурсите кои што се употребуваат за реализирање на услугите на Општината се човечки ресурси, опрема и средства кои што се користат. Човечките ресурси кои што се користат т.е државните службеници мора да бидат компентентни и обучени за да ги реализираат услугите на корисниците.

Раководителот на одделението за човечки ресурси, на почетокот на годината изработува Годишна програма за обука на државни службеници која се доставува и до Агенцијата за администрација. Исто така, како доказ за компентентност државените службеници секоја година се оценуваат од страна на непосредните раководители и согласно оценките соодветно се мотивираат.

Опремата со која што работат државните службеници најчесто се компјутерите, принтерите и софтверските програми согласно кои се реализираат услугите кон корисниците. Опремата која што е потребна за извршување на работните задачи, раководителот на одделение ја побарува со Годишните програми за планирање на буџетот. Средствата со кои располага Општината се планираат во Буџетот и се следат преку посебни програми.

Раководството на Општина Гевгелија учествува во многу проекти за електронско работење на Општината со кои се постигнува поефикасно работење на државните службеници. Како резултат на тоа, покрај воведеното електронско архивирање на документите, воведено е и електронско издавање на одобренија за градба, а успешно функционира и новата алатка за подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните - Систем 48 часа.

Инаку, Предната канцеларија - Општинскиот центар за услуги со канцелариите во Гевгелија, Миравци, Негорци, Прдејци и Богородица функционират подолго време, со цел на граѓаните да им се овозможи понепосредно задоволување на нивните барања и потреби.

Општина Гевгелија меѓу првите општини започна со издавањето на електронски одобренија за градба, а, исто така, е воведена електронска продажба на земјоделско земјиште, како и постапката за  електронско издавање на Б еколошки дозволи.

Воведена е уште една електронска алатка – управување со животната средина и со комуналните услуги за која цел на постојната веб страна поставен е посебен линк за следење на активностите во овие сфера.

Општина Гевгелија иницира повеќе активности за поголема енергетска ефикасност и реализира конкретни проекти согласно Програмата за енергетска ефикасност на општината. Изработена е база на податоци и преземени се конкретни активности за зголемување на енергетската ефикасност во општинските објекти, како и во локалните јавни установи.

Годинава е воведена и нова алатка - Софтвер за управување со работното време и мерење на ефекти во работата, кој треба да придонесе за поголема отчетност и ефикасност во работењето на општинската администрација и подобрувањето на квалитетот на услугите кон граѓаните.

Ваквото ангажирање на расположивите човечки ресурси, искористеноста на опремата и правилното насочување на средствата придонесува за подобрување на квалитетот на услугите кон корисниците/граѓаните.

30.11.2021
Гевгелија

Градоначалник на
Општина Гевгелија

**Андон Сарамандов**